Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 јуни 2026 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Атанас Ременски од Скопје УП2 09-212/26 од 28 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_38_20251124_1583 од 10 декември 2025 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_38_20251124_1583 од 10 декември 2025 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Атанас Ременски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-212/26 од 28 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. NCC_38_20251124_1583 од 10 декември 2025 година, издадено поради неподмирен долг.

Според Електродистрибуција – барањето е одбиено поради заостанат долг.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-212/26 од 28 април 2026 година со прилог:

- Листа на отворени задолжувања
- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 7 мај 2026 година со прилог:

- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Листа на отворени задолжувања од 7 мај 2026 година
- GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, видно од доставената документација е дека барањето е одбиено поради ненаплатени побарувања од 2009 до 2017 година за кои Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје нема доставено доказ дека е поведена постапка за нивна наплата.

Согласно член 164 став (1) точки 3), 4) и 5), операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува под економски оправдани услови со посебно внимание на безбедноста, доверливоста, ефикасноста и заштитата на животната средина, како и да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со кој управува, на недискриминаторен и транспарентен начин и во согласност со пропишаниот квалитет. Исто така операторот на електродистрибутивниот систем е должен да ги приклучи производителите, складиштата и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–212/26**
**12 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**